РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Министерство за енергетика,рударство
и минерални суровини
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Ministria e Energjisë,Minerave dhe
Burimeve Minerale
Бр.Nr. 02-10109/1
24-07-2026 20 год.vitl
Скопје-Shkup

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**склучен помеѓу**

**Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини**, со седиште на ул. „Македонија" бр.27 во Скопје, застапувано од Министерката за енергетика, рударство и минерални суровини **Сања Божиновска** (во понатамошниот текст: **прва договорна страна**)

и

**Здружението за промоција на природните науки „Откритие" – Скопје**, со седиште на бул. „Партизански одреди" бр.21 во Скопје, застапувано од претседателот **Илија Петковски** (во понатамошниот текст: **втора договорна страна**).

### Член 1
### Предмет и цел на соработката

Со овој Меморандум договорните страни воспоставуваат соработка за промоција, заштита, валоризација и популаризација на геонаследството, минералното богатство, палеонтолошкото наследство и природните науки како прашања од јавен интерес за Република Северна Македонија.

Соработката се воспоставува со цел формирање на **Центар за промоција на геонаследството**, како постојан изложбен и едукативен простор за презентација на минерали, кристали, фосили и други геолошки експонати од Македонија и светот.

### Член 2
### Отстапување на простор

Министерството ќе отстапи на користење соодветен изложбен простор на приземјето од својата административна зграда на ул. „Македонија бр.27" во Скопје, без надомест, за поставување и функционирање на Центарот за промоција на геонаследството.

Просторот ќе се користи исклучиво за изложбени, едукативни и промотивни активности поврзани со геонаследството и природните науки.

### Член 3
### Изложбена поставка

Втората договорна страна се обврзува во изложбениот простор да воспостави,организира и одржува постојана изложбена поставка составена од

експонати од сопствената колекција, дадени на користење од еден од основачите на здружението , Деан Шкартов.

Со цел унапредување и збогатување на изложбената поставка, Втората договорна страна може да вклучи и експонати обезбедени врз основа на договор за заем или преку научна, музејска и институционална соработка со домашни и странски научни, образовни и културни установи, музеи, универзитети, како и со приватни колекции, вклучително и со *Muséum national d'Histoire naturelle* – Париз.

Втората договорна страна е одговорна за стручната концепција, поставувањето, редовното одржување, обновувањето и управувањето со изложбената поставка, во согласност со целите и предметот на овој Меморандум.

**Член 4**
**Центар за промоција на геонаследството**

Центар за промоција на геонаследството има за цел:

- промоција на македонското и светското геонаследство;
- афирмација на минералното богатство на Република Северна Македонија;
- развој и промоција на геотуризмот и геокултурата;
- подигнување на јавната свест за значењето на геонаследството;
- популаризација на природните науки;
- поттикнување на интересот кај учениците, студентите и пошироката јавност за геологијата, минералогијата, палеонтологијата и сродните науки;
- улогата на геонаследството во поттикнување на занаетчиството
- промовирање на Република Северна Македонија како држава со уникатно геолошко и природно наследство.

**Член 5**
**Обврски на втората договорена страна**

Втората договорна страна се обврзува:

- да ја изготви, постави, стручно уреди и континуирано да ја одржува изложбената поставка, во согласност со целите и предметот на овој Меморандум;
- да обезбеди стручно толкување, презентација и едукација поврзани со изложените експонати;
- да организира и реализира стручни, едукативни и промотивни посети за ученици, студенти, туристи, научни работници и друга заинтересирана јавност;
- да организира работилници, јавни предавања, тематски изложби и други едукативни, научни и промотивни активности поврзани со геонаследството и природните науки;
- да воспоставува и развива соработка со домашни и странски научни, образовни и музејски институции, универзитети и други релевантни субјекти, со цел унапредување и збогатување на изложбената поставка и нејзините содржини;

- да ја промовира научната, образовната, културната и туристичката вредност на македонското геонаследство преку изложбените, едукативните и промотивните активности што ќе се реализираат во рамките на Центарот за промоција на геонаследството.

**Член 6**

**Обврски на Министерството за енергетика,рударство и минерални суровини**

Министерството се обврзува да:

- обезбеди непречено користење на изложбениот простор;
- обезбеди основни услови за функционирање на изложбата;
- обезбеди физичка безбедност и заштита на изложените експонати во периодите кога во изложбениот простор не се присутни претставници на втората договорна страна;
- соработува во промоцијата на изложбата и заедничките активности што произлегуваат од овој Меморандум.

**Член 7**

**Сопственост на експонатите**

Сите експонати изложени во рамките на постојаната изложбена поставка остануваат во сопственост на нивните сопственици, односно на Здружението „Откритие", Деан Шкартов или други домашни и странски физички и правни лица кои ги отстапиле на користење, односно на заем, за потребите на изложбената поставка.

Со потпишувањето на овој Меморандум, како и со користењето на просторот за потребите на изложбената поставка, Министерството не стекнува право на сопственост, ниту какви било други стварни, имотни или облигациони права врз изложените експонати, освен правото тие да бидат користени и изложени во согласност со одредбите на овој Меморандум.

Втората договорна страна се обврзува да води уредна и ажурна евиденција за сите изложени експонати, која особено ќе содржи податоци за нивното потекло, сопственост, правен основ за користење (сопственост, заем или друг основ), како и нивниот статус и периодот за кој се отстапени на користење, доколку станува збор за експонати дадени на заем.

**Член 8**

**Заеднички активности**

Страните ќе соработуваат во организирање изложби, научно-популарни настани, конференции, јавни предавања, работилници, едукативни програми и други активности од заеднички интерес.

Во рамките на оваа соработка, страните ќе поттикнуваат партнерства со домашни и меѓународни музеи, универзитети, научни институции и организации со цел размена на знаења, изложби, експонати и добри практики.

**Член 9**
**Меѓународна промоција**

Страните ќе соработуваат во промоцијата на геонаследството на Република Северна Македонија пред меѓународната јавност, преку заеднички изложби, научни и едукативни проекти, публикации и учество во меѓународни иницијативи и мрежи посветени на заштитата и промоцијата на геонаследството.

**Член 10**
**Финансиски одредби**

Активностите и соработката не предизвикуваат никакви финансиски импликации и ги почитуваат правилата и прописите воспоставени од страните потписнички.

Сите активности за кои ќе бидат потребни финансиски средства ќе бидат уредени со посебен договор.

Секоја страна самостојно ги обезбедува средствата потребни за реализација на своите активности, освен ако со посебен договор не е поинаку определено.

**Член 11**
**Завршни одредби**

Овој Меморандум стапува во сила со денот на неговото потпишување и се склучува на неопределено време.

Страните ќе настојуваат сите прашања што ќе произлезат од неговата примена да ги решаваат спогодбено, во духот на партнерство и меѓусебна доверба.

Секоја страна може да го раскине овој Меморандум со писмено известување доставено до другата страна најмалку 60 дена однапред.

Меморандумот е изготвен во 4 еднакви примероци, од кои по два примероци за секој потписник.

Потпишано во Скопје, на 24.07.2026 година.

**За Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини**

---

**Сања Божиновска**
Министер

**За Здружението за промоција на природните науки „Откритие“**

---

**Илија Петковски**
Претседател